*******************************************************************

**П о ч и т у в а н и   Р о д и т е л и !!!**

Како стручно лице - Логопед би сакала да Ви дадам неколку корисни совети, кои се надевам ќе ги применувате секојдневно и ќе помогнете во поттикнување и изградување на правилен говор кај вашите најмили. Вие драги родители може многу да придонесете бидејќи сте „говорен модел„ за Вашето дете.

**Како да им помогнете на децата правилно да зборуваат?**

1. Со детето треба секојдневно да се разговара, да постои постојана активна двонасочна комуникација (родител - дете) - (дете - родител).

2. Кога се зборува, да се гледа детето во очи, но и детето да Ве гледа во очи.

3. Речениците со кои им се обраќате на детето треба да бидат јасни и кратки.

4. Постојано да се внимава на правилната граматика на речениците.

5. Говорните гласови во зборовите да се изговараат чисто и со јасна изразеност.

6. Гласот треба да биде јасен, ни премногу силен ни премногу тивок.

7. Родителите треба да користат говор разбирлив по содржина, кој одговара на возраста на детето.

8. Детето треба да учи за работи што му се непознати, да усвојува нови знаења, нови поими, постојано да го збогатува својот речник.

9. Да се внимава во говорот да се употребуваат убави и културни зборови и реченици, а да се избегнуваат неубави и вулгарни зборови и реченици.

10. Ритамот и темпото на говорот да бидат умерени, говорот да не биде ни премногу брз ни премногу бавен.
11. Говорот треба да биде милозвучен, топол, благ и пријатен.
12. На детето постојано да му се читаат приказни, раскази и басни.

13. Да се прераскажуваат приказни, раскази и басни, детето само да раскажува и самостојно да се изразува.

14. Во зависност од возраста на детето, барајте детето да внимава на говорот, да изговара чисто, јасно и правилно и да се изразува со целосни реченици.
15. Да се учат и рецитираат песни (стихотворби).

16. Детето треба да се прифати со севкупната негова природа и искрено да се сака и почитува.

17. Играјте си со Вашето дете, дружете се со него во секој слободен момент.

18. Колку што можете повеќе пружете му љубов, прегратки и бакнежи.

*************************************************************************

**Д р а г и р о д и т е л и**

**„Децата се наше најголемо богатство„**

**„Да ги сакаме и да ги почитуваме зошто тие се нашата иднина“**

*************************************************************************